# ЗАКОН ЗА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

,,Службен весник на РМ,, бр. 43/14, 61/15, 27/2016, **35/2018,** 83/2018, 7/14.01.2019 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.87 од 25.04.2023 година

ДЕЛ ПРВИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Со овој закон се уредува организацијата, делокругот на работа, начинот на вршење на работата и раководење со Управата за јавни приходи, даночните надлежности, класификацијата на работните места, како и овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоци во врска со работите на Управата за јавни приходи.

(2) Со овој закон се уредуваат специфичностите во правата, обврските и одговорностите на даночните службеници, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на учинокот, кодексот на однесување, наградите и признанијата, како и финансирањето на Управата за јавни приходи.

Член 2

(1) Управата за јавни приходи е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии, со својство на правно лице.

(2) Седиштето на Управата за јавни приходи е во Скопје.

Член 3

Управата за јавни приходи функционира единствено на територијата на Република Северна Македонија.

II. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА, ФИНАНСИРАЊЕ, ОРГАНИЗАЦИЈА И РАКОВОДЕЊЕ

1. Делокруг на работа на Управата за јавни приходи

Член 4

„(1) Управата за јавни приходи извршува управни и други стручни работи кои се однесуваат на спроведување на законите и други прописи за даноците, споредните даночни давачки и други јавни давачки, кои со закон ѝ се доверени да ги управува, со цел собирање на јавните приходи.

(2) За извршување на работите од ставот (1) на овој член, Управата за јавни приходи има надлежност да:

- доделува даночен идентификациски број на даночен обврзник во согласност со одредбите од Законот за даночна постапка,
- воспоставува, води и одржува Единствен регистар на даночни обврзници во согласност со одредбите од Законот за даночна постапка,
- регистрација, промена на податоци и бришење од регистрација на даночен обврзник во Единствениот регистар на даночни обврзници во согласност со одредбите од Законот за даночна постапка,
- овозможува пријавување на даноците и обезбедува поврзување и комуникација со даночните обврзници во постапките за исполнување на обврските и остварување на нивните права,
- врши утврдување и наплата на даноците согласно со закон,
- води даночно сметководство за утврдените и наплатените даноци и други јавни приходи кои се во нејзина надлежност согласно со закон,
- издава уверенија, потврди и други документи во согласност со даночните евиденции што ги води во согласност со закон,
- ја следи даночната усогласеност и плаќањето на даноците, споредните даночни давачки и други јавни давачки, кои со закон ѝ се доверени да ги управува,
- обезбедува информирање и давање појаснување на даночните обврзници во однос на примената на прописите од областа на даноците и даночниот систем,
- остварува соработка и прибира информации за искуства од даночните обврзници за унапредување на постапките за остварување на даночните права и исполнување на даночните обврски,

- остварува соработка и размена на податоци со други државни органи и меѓународни институции од областа на оданочувањето во согласност со склучените меморандуми за соработка, односно меѓународните договори што се ратификувани согласно со Уставот на Република Северна Македонија,
- спроведува наплата на неплатен даночен долг и други форми на исполнување и престанок на даночен долг во согласност со Законот за даночната постапка,
- управува со даночниот долг во согласност со Законот за даночната постапка,
- спроведува даночна контрола на законитоста на работењето на даночните обврзници во однос на примената на прописи кои се во надлежност на Управата за јавни приходи,
- води постапки на порамнување и прекршочни постапки за сторен прекршок на даночните обврзници согласно со закон,
- пријавува основи на сомнение за сторено даночно кривично дело од даночниот обврзник до надлежен орган заради спроведување кривична постапка согласно со закон,
- донесува финансиски планови, програми и планови за работа на Управата за јавни приходи,
- донесува оперативни инструкции, процедури, упатства и други интерни акти на Управата за јавни приходи,
- планира и спроведува обуки заради унапредување на знаењето и стекнување вештини на даночните службеници и
- врши други работи утврдени со закон.

(3) Управата за јавни приходи, покрај надлежностите од ставот (2) на овој член ги:
- следи и ги применува меѓународните договори кои се ратификувани согласно со Уставот на Република Северна Македонија од областа на даноците и
- спроведува постапки за заемно договарање во областа на даноците во согласност со склучените меѓународни договори, ратификувани во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

(4) Управата за јавни приходи го управува и извршувањето, заради наплата на паричните казни, односно глобите како и трошоците изречени во парничните, прекршочните, кривичните и во управните постапки во корист на Република Северна Македонија.

(5) Одлуката со која се утврдува паричната казна, односно глобата како и трошоците изречени во корист на Република Северна Македонија од ставот (4) на овој член, се доставува до Управата за јавни приходи од страна на судот или од надлежниот орган што ја донел, во рок утврден со закон.

(6) Управата за јавни приходи може на веб- страницата да ги преземе судските одлуки од областа на даноците и другите јавни приходи и споредните даночни давачки кои ги управува, како и другите јавни давачки кои со закон ѝ се доверени, од веб-страниците на судовите во согласност со Законот за управување со движењето на предметите во судовите.

(7) Содржината и начинот на постапување при водење даночно сметководство од став (2) алинеја 5 на овој член, ги пропишува министерот за финансии.

## 1-а. Даночен информациски систем

### Член 4-а

(1) Управата за јавни приходи воспоставува даночен информациски систем, како дел од интегрираниот информациски систем за управување со јавни финансии на Министерството за финансии.

(2) Компоненти на даночниот информациски систем се:
- регистар на даночни обврзници,
- утврдување данок,
- даночно сметководство,
- плаќање данок,
- наплата и управување со даночниот долг, споредните даночни давачки и со други јавни давачки кои ги наплатува Управа за јавни приходи,
- даночна контрола,
- поврзување со други системи за автоматска размена на податоци за даночни цели,
- складирање податоци и алатки за известување, поддршка и за следење на даночните процеси,
- веб-портал за обезбедување сигурен пристап на сите овластени корисници на системот и
- други потребни компоненти за поддршка на спроведувањето на надлежностите на Управата за јавни приходи.

(3) Даночниот информациски систем од ставот (1) на овој член ги содржи следниве категории на лични податоци: матичен број на граѓанин или странец доделен како даночен идентификациски број (ЕМБГ) на лицето во Единствениот регистар на даночни обврзници, даночен идентификациски број (ЕДБ) доделен на нерезидент во Единствениот регистар на даночни обврзници, ДДВ даночен број на физичко лице, личен идентификациски број доделен од надлежен орган во странска држава /држава на резидентност, Единствен електронски број на граѓанинот (ЕЕБГ), име, презиме, средно име (доколку е впишан во валиден документ за доказ на идентитет); моминско презиме (презиме пред склучување брак), пол, датум на раѓање, место на раѓање (држава, општина, населено место), електронско сандаче (е-пошта), телефон, лични документи (документ, број на документ, вид на

документот, датум на издавање на документот, датум на важност на документот, издаден од надлежен орган, статус на документот и место на издавање на документот), мајка (ЕМБГ), татко (ЕМБГ), адреса на живеалиште (општина, населено место, улица, број, додаток на број, држава), адреса на привремен престој (општина, населено место, улица, број, додаток на број, држава), државјанство (држава, статус, датум на почеток, датум на престанок, друго државјанство), брачен статус (датум на брачен статус, сопруг/а (ЕМБГ), смрт (датум на смрт, држава, општина, населено место), престој на државјанин на Република Северна Македонија во странска држава (тип на престој, држава на престој, период на престој, датум на влез во Република Северна Македонија, датум на излез од Република Северна Македонија и други податоци за утврдување статус на даночен обврзник), престој на странско лице во Република Северна Македонија (тип на престој, период на престој, датум на влез во Република Северна Македонија, датум на излез од Република Северна Македонија, тип на виза, број на виза, датум на важност на виза и други податоци за утврдување статус на даночен обврзник) и други податоци кои се од важност за водење на постапка и извршување на надлежностите на Управата за јавни приходи, во согласност со закон.
(4) Даночно управните акти, даночните акти и други документи кои содржат лични податоци на даночниот обврзник, како и електронските записи од истите, Управата за јавни приходи е должна да ги чува десет години по извршената наплата или враќање на данок или по годината кога настанала застареност за наплатата на данок или застареност на враќањето на данок во согласност со Законот за даночна постапка. Во случаите кога врз основа на податоците даночниот обврзник може да остварува права во постапка пред надлежен орган, тогаш рокот за чување изнесува 40 години по извршената наплата на данок или друга јавна давачка или по годината кога настанала застареност за наплатата во согласност со Законот за даночна постапка.

1-б. Работно тело за имплементација на Даночен информациски систем
Член 4-б

(1) Директорот на Управата за јавни приходи формира работно тело за имплементација на даночниот информациски систем (во натамошниот текст: работното тело).
(2) Работното тело има задача за: имплементација, надградба, оптимизација, извршување, регулирање, одржување, контрола, едукација на кадар и за анализа на сите процеси и функционалности поврзани со даночниот информациски систем.
(3) Работното тело се состои од претседател, заменик на претседателот, четири координатори и најмногу осум членови, сите од редот на вработените од Управата за јавни приходи, кои имаат стручни познавање од областа на даночната постапка или дигитализација на истата, назначени од страна на директорот на Управата за јавни приходи, за временски период од пет години.
(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, директорот на Управата за јавни приходи во Работното тело може да ангажира и други лица за вршење имплементација, надградба, оптимизација, извршување, регулирање, одржување, контрола, едукација и други работи поврзани со даночниот информациски систем.
(5) Претседателот, заменикот на претседателот, координаторите и членовите на работното тело може да бидат разрешени пред истекот на временскиот период за кој се назначени во случај на: - прекин на работниот однос во Управата за јавни приходи, - доколку не ги извршуваат задачите за кои се именувани во работното тело, - постоење конфликт на интереси при донесување одлуки во работното тело, - непочитување на Деловникот за работа на работното тело, - изречена мерка во дисциплинска постапка за даночниот службеник и - доколку со правосилна судска одлука е осуден за кривично дело од областа на даноците, со безусловна казна затвор од најмалку шест месеци.
(6) На претседателот, заменикот на претседателот, координаторите и на членовите на работното тело може пред истекот на периодот за кој се именувани да им престане мандатот во случај на негово барање, смрт или губење на деловната способност.
(7) На претседателот, заменикот на претседателот, координаторите и на членовите во работното тело од ставот (3) на овој член и на ангажираните и други лица од ставот (4) на овој член им следува месечен надоместок, кој не смее да го надмине износот од една половина од една просечна месечна бруто-плата исплатена по работник во Република Северна Македонија, објавена во јануари во тековната година, според податоците од Државниот завод за статистика, за учество во работата на работната група и тоа во зависност од обемот, сложеноста и од времето што е потребно за работа.
(8) Начинот на работа на Работното тело поблиску се уредува со Деловник за работа.
(9) Работното тело поднесува извештај за својата работа до директорот на Управата за јавни приходи по потреба, а најмалку двапати годишно.
(10) Директорот на Управата за јавни приходи може да формира стручни работни групи/комисии за потребите на работното тело, на кои им следува месечен надоместок во износ не поголем од надоместокот од ставот (7) на овој член и тоа во зависност од обемот, сложеноста и од времето што е потребно за работа.
(11) Средствата за финансирање на работното тело и стручните работни групи/комисии се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.“.

2. Финансирање

Член 5

(1) Средствата за вршење на работите на Управата за јавни приходи се обезбедуваат од:
- Буџетот на Република Северна Македонија,
- приходи од склучени договори за вршење на контрола и наплата на јавни давачки и
- други приходи утврдени со пропис.

(2) Покрај средствата од ставот (1) на овој член, Управата за јавни приходи остварува:
- средства во висина од 25% од приходите од откриени и наплатени даноци, како и од наплатените камати за ненавремено платени даноци и
- средства наплатени во постапка за присилна наплата за еднократна посебна такса во висина од 5% од износот што треба да биде наплатен во присилната наплата согласно со Законот за даночна постапка.

(3) Средствата од ставот (2) на овој член се користат за осовременување, унапредување и опремување на работата на Управата за јавни приходи, како и за стимулирање на работата на вработените.

(4) Распоредот на средствата од ставот (3) на овој член се врши со финансискиот план на Управата за јавни приходи.

3. Организација и раководење

Член 6

(1) Во Управата за јавни приходи се формираат организациски единици за извршување на работите од нејзината надлежност.

(2) Начинот на формирање, видот, бројот, структурата и обемот/делокругот на работа на организациските единици од ставот (1) на овој член, ги пропишува со акт директорот на Управата за јавни приходи.

“Член 7

(се брише)

Член 8

(се брише)

Член 9

(се брише)

Член 10

(1) Со работата на Управата за јавни приходи раководи директор и заменик- директор кои ги именува Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за финансии.

(2) Директорот и заменик-директорот се именуваат за период од четири години.

(3) За именување на директор и заменик-директор се објавува јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) За директор и заменик-директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:
1. да е државјанин на Република Северна Македонија;
2. во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3. да има стекнати 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование;
4. да има најмалку пет години работно искуство;

5. да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англиски јазик) не постар од пет години:
- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

(5) На директорот и на заменик-директорот мандатот му престанува:
- со истек на мандатот,
- по негово барање,
- со разрешување од Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за финансии,
- не е во можност да ја извршува функцијата поради телесна или ментална неспособност која трае подолго од три месеци,
- со исполнување на условите за пензија и
- во случај на смрт.

Член 11

(1) Министерот за финансии три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор, како и за заменик-директор донесува одлука за распишување на јавен оглас за именување на директор, како и за заменик-директор.
(2) Во објавениот јавен оглас се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор или заменик-директор, потребната документација и времетраењето на конкурсот.

Член 12

(1) Директорот ја претставува Управата за јавни приходи.
(2) Директорот обезбедува услови за ефикасна примена на законите и прописите кои се однесуваат на работниот однос на даночните службеници, ги предлага актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во Управата за јавни приходи и други акти на управата кои се однесуваат на работниот однос на даночните службеници, донесува годишни планови за вработување на даночните службеници, како и решава за правата од работен однос на даночните службеници согласно со овој закон.
(3) Директорот е надлежен за донесување на акти во првостепена управна постапка и оперативни инструкции во писмена форма од сите области на даночното работење.
(4) Директорот при одлучување за вработување треба да обезбеди правична и соодветна застапеност од сите заедници кои живеат во Република Северна Македонија, без да се нарушат критериумите на стручност и компетентност.
(5) Директорот е надлежен за започнување на постапка за откривање на случаи на несоодветно однесување или прекршување на должностите од страна на вработените во Управата за јавни приходи и за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.
(6) Директорот може во писмена форма да пренесе одделни негови надлежности на раководни службеници во Управата за јавни приходи.

Член 13

(1) Заменикот го заменува директорот со сите негови овластувања и одговорности во раководењето во случај на негова отсутност или спреченост.
(2) Заменикот во соработка со директорот врши работи од надлежност на директорот што тој ќе му ги довери.

## III. ДАНОЧНИ НАДЛЕЖНОСТИ

Член 14

Управата за јавни приходи работите од својата надлежност ги врши согласно со овој закон, Законот за даночна постапка и законите со кои се уредуваат одделни видови на даноци.

Член 15

Управата за јавни приходи е должна, под условите пропишани со овој или со друг закон, да ги презема сите мерки и активности што ги смета за неопходни заради обезбедување на правилна примена на законите и другите прописи за даноците.

Член 16

(1) За обезбедување на податоци потребни за вршење на работите на оданочување, секој субјект што води службени регистри и други јавни бази на податоци е должен, на барање на Управата за јавни приходи, да и дава податоци од службените регистри и другите јавни бази на податоци.
(2) Управата за јавни приходи има право пред надлежниот суд кај кого е поведена постапка за статусни измени (спојување, припојување или поделба) или други промени над даночниот обврзник во трговскиот регистар (регистрација, пререгистрација) да иницира постапка за суспендирање на започнување на постапката за период од 60 дена, заради утврдување на неплатени јавни давачки.
(3) Надлежниот суд пред кого е поведена која било постапка од ставот (2) на овој член е должен за истата да ја извести Управата за јавни приходи.
(4) Податоците од ставот (1) на овој член по службена должност можат да бидат поднесени, прибавени и доставени во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.
(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националната платформа за интероперабилност, податоците од ставот (1) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на надлежниот орган, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Член 17

(1) Управата за јавни приходи за даночни цели собира лични и други потребни податоци од даночните обврзници, носители на платен промет, даватели на услуга брз трансфер на пари, надлежни државни органи, јавни институции, установи, меѓународни организации, странски даночни органи и домашни и странски правни лица – исплатувачи на приходи.
(2) Министерството за внатрешни работи до Управата за јавни приходи доставува:
- податоци од евиденцијата на матичен број,
- податоци од евиденцијата на матичен број на странец и
- податоци од евиденцијата за регистрирани моторни возила (листа на возила во сопственост на физичко и на правно лице, листа на сопственици на моторни возила).
(3) Агенцијата за катастар на недвижности до Управата за јавни приходи доставува:
- податоци од регистарот на просторни единици,
- податоци од евиденцијата на имотен лист,
- податоци од регистарот на цени и закупнини и
- уверение за историски преглед на извршените запишувања.
(4) Централниот депозитар за хартии од вредност до Управата за јавни приходи доставува:
- податоци од регистарот на хартии од вредност и
- податоци од регистарот на сопственици на хартии од вредност.
(5) Централниот регистар на Република Северна Македонија до Управата за јавни приходи доставува податоци од регистрите, кои ги води во согласност со закон.
(6) Царинската управа на Република Северна Македонија до Управата за јавни приходи доставува:
- податоци од евиденцијата за царински декларации на физичко лице,
- податоци од евиденцијата за царински декларации на правно лице,
- податоци од евиденцијата за извршен увоз и за извршен извоз и
- податоци од евиденцијата за внесени, изнесени странски пари и хартии од вредност.
(7) Управата за јавни приходи има пристап до податоците од Централниот регистар на население, под услови и во постапка која е утврдена со закон.
(8) Доставувањето на податоците од ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) на овој член се врши еднократно, за почетната база на податоци, а натамошната размена на промените се врши на начин кој е утврден во договорите за размена на податоци и соработка помеѓу Управата за јавни приходи и субјектите од ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) на овој член.
(9) Податоците кои субјектите од ставовите (1), (2), (3), (4), (5), (6) и (7) на овој член ги доставуваат до Управата за јавни приходи за даночни цели, не претставуваат деловна тајна и истите се должни да обезбедат пристап до податоците

од регистрите или до податоците наведени во барањето на Управата за јавни приходи и да ги достават во рок што е утврден со овој или со друг закон, односно барањето, без надоместок.
(10) Со субјектите од ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) на овој член, Управата за јавни приходи ќе склучи посебни договори за соработка и за размена на податоци.
(11) Носителите на платен промет се должни да доставуваат до Управата за јавни приходи податоци за прилив на средства на сметки на физички лица, кои вклучуваат податоци за: носителот на платен промет - ЕДБ на носителот на платен промет, идентификатор на носителот на платен промет, период, име на пратката и вкупен број податоци во пратката; за физичкото лице примач – даночен идентификациски број (ЕДБ или ЕМБГ), опис на основ на прилив искажан од налогодавачот; за налогодавачот – назив и седиште на налогодавач, односно име и презиме и адреса, ако налогодавачот е физичко лице, износот на приливот, датум на прилив, референтен број на трансакција, шифра на земјата од каде што е налогодавачот, шифра и опис на основ, како и шифра на валута, најдоцна до 15 во тековниот месец за претходниот месец.
(12) Формата и начинот на доставување на податоците од ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) на овој член, ги пропишува министерот за финансии.
(13) Податоците од ставовите (2), (3) (4), (5), (6) и (7) на овој член, по службена должност, можат да бидат поднесени, прибавени и доставени во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.
(14) По исклучок од ставот (13) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националната платформа за интероперабилност, податоците од ставовите (2), (3) (4), (5), (6) и (7) на овој член, во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на надлежниот орган, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(15) Даночниот идентификациски број е идентификатор, кој се користи во комуникацијата и размената на податоци од значење за даночните обврзници меѓу Управата за јавни приходи и сите државни органи, институции и други субјекти.

**Собирање, обработка, анализирање, проценување, оценување, користење, чување и бришење на податоци и обработка на лични и други податоци**

Член 17-а

(1) Управата за јавни приходи собира, обработува, анализира, проценува, оценува, користи, чува и брише лични податоци и податоци под услови и на начин утврдени со овој закон и прописите за заштита на лични податоци и води евиденции за личните и податоци за чие собирање е овластена со закон, исклучиво за даночни цели.
(2) Лични податоци од ставот (1) на овој член се: лично име, податоци за раѓање (ден, месец, година и место), живеалиште и престојувалиште, единствен матичен број, државјанство, како и податоци преку кои директно или индиректно може да се идентификува одредено физичко лице.
(3) Податоци од ставовите (1) и (2) на овој член се податоци за финансиските трансакции на лицето кај носителите на платен промет и даватели на услуга брз трансфер на пари, податоци за налогодавач, податоци за примач, податоци за имотот на лицето, податоци добиени по барање за даночни цели од Управата за јавни приходи и други податоци преку кои директно или индиректно може да се утврдат приходите што ги остварува лицето.

Член 17-б

Управата за јавни приходи обработува лични податоци заради:
- доделување даночен идентификациски број на даночен обврзник во Република Северна Македонија, согласно со Законот за даночна постапка,
- доделување на даночен број заради идентификација на одредени состојби или групирања на даночни обврзници со кој не се означува посебен правен статус, туку форма на дејствување за даночни цели во Република Северна Македонија согласно со закон,
- утврдување статус на даночен обврзник,
- утврдување имотна состојба на даночен обврзник за даночни цели согласно со закон,
- утврдување на остварените приходи на лицето кои подлежат на оданочување согласно со закон,
- постапување во согласност со одредбите за размена на податоци и давање меѓународна правна помош во даночни предмети кои се во согласност со меѓународните договори од областа на даноците, ратификувани во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и
- утврдување, контрола и наплата на даноци и други јавни приходи утврдени со закон,
- регистрација, промена на податоци и бришење од регистрација на даночен обврзник во Единствениот регистар на даночни обврзници согласно со одредбите од Законот за даночна постапка.

Член 17-в

(1) Управата за јавни приходи води евиденција за лица за кои се доставени податоци за прилив на средства како и за износот на приливот.
(2) Личните податоци од евиденцијата од ставот (1) на овој член веднаш се бришат во случаите кога ќе се утврди дека не се точни или не постоеле/престанале причините, односно условите заради кои личниот податок е внесен во евиденција.
(3) Податоците од евиденцијата од ставот (1) на овој член кои послужиле за цели на оданочување се чуваат до истекот на рокот на застареност на утврдувањето и застареност на наплатата на данокот согласно со Законот за даночна постапка.

Член 17-г

Податоците и евиденциите во Единствениот регистар на даночни обврзници, кои Управата за јавни приходи ги собира од други службени регистри и бази на податоци, коишто согласно со закон се водат во Република Северна Македонија или надвор од неа и ги обработува за даночни цели, не смеат да бидат предмет на размена со трети лице, освен ако со друг закон не е поинаку определено.

Член 18

Управата за јавни приходи во даночна постапка не плаќа такси, надоместоци и други трошоци за работите кои во таа постапка и ги даваат државни органи, органи надлежни за водење на регистри, носители на платен промет, како и судски трошоци.

Член 19

Управата за јавни приходи соработува со даночните управи на други земји на полето на даночното работење, обуки на даночните службеници, унапредување на техничкиот развој и друго, во согласност со меѓународни договори што ги ратификувала Република Северна Македонија.

ДЕЛ ВТОРИ

IV. ДАНОЧНИ СЛУЖБЕНИЦИ

1. Посебни должности и овластувања

Член 20

(1) Даночни службеници се административни службеници кои засновале работен однос во Управата за јавни приходи за вршење на административни работи, за кои е надлежна Управата за јавни приходи.
(2) Даночните службеници од ставот (1) на овој член се лица со посебни должности и овластувања, определени со овој или со друг закон.
(3) Даночните службеници се овластени да спроведуваат постапки и работи во согласност со одредбите од Законот за даночна постапка и законите што ги уредуваат одделните видови со даноци.

Член 20-а

(1) Даночните службеници што вршат работи од даночната контрола се: даночните инспектори и даночните контролори.
(2) Даночните инспектори и даночните контролори се овластени и за:
- контрола над спроведувањето и примената на одредбите од Законот за регистрирање готовински плаќања,
- спроведување надзор во согласност со Законот за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам,
- водење постапка на порамнување и поднесување барања за поведување прекршочна постапка согласно со закон,
- привремена забрана за вршење дејност со запечатување објект, опрема или просторија во која ја врши дејноста, во согласност со закон и
- привремено одземање предмети и документи, кои можат во прекршочна или во кривична постапка да послужат како доказ.
(3) Даночните инспектори, освен овластувањата од ставот (2) на овој член, се овластени и за:
- спроведување надзор во согласност со Законот за игрите на среќа и за забавните игри и

- надзор и контрола во согласност со Законот за минерални суровини.

(4) Даночните контролори, освен овластувањата од ставот (2) на овој член, во контрола се овластени и за: - контрола на приходите кај даночните обврзници во согласност со одредбите од Законот за данок на личен доход и

- контрола на исполнување на просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игрите на среќа и за забавните игри во деловните простории на даночниот обврзник во согласност со Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

(5) Даночните службеници кои вршат работи за наплата на неплатен даночен долг и се овластени за спроведување присилна наплата на неплатен даночен долг од целокупниот имот, приходи и побарувања на должникот во присилната наплата, се даночни извршители.

(6) Даночниот извршител, освен овластувањата од ставот (5) на овој член, е овластен да:

- прибира податоци за имотната состојба, сметките и други податоци за должникот за цели на наплата на даночниот долг и ги утврдува фактите за имотната состојба на должникот со користење на сите доказни средства во согласност со Законот за даночна постапка
- при заплена на движни предмети и недвижности на должникот, врши запечатување или одземање на истите заради оневозможување нивна употреба или трошење,
- ги легитимира лицата што учествуваат при спроведување дејства за попис и заплена на имот на должникот и други дејства во постапките за наплата,
- дава предупредувања и наредби при спроведување дејства за попис и заплена на имот на должникот и други дејства во постапките за наплата и
- врши испразнување од луѓе и ствари и предавање продадени движни предмети и недвижности за попис и заплена на имот на должникот и други дејства во постапките за наплата.

## 2. Службена легитимација

### Член 21

(1) Даночните инспектори, даночните контролори и даночните извршители имаат службена легитимација.

(2) Службената легитимација која ја издава директорот на Управата за јавни приходи се обновува на секои десет години.

(3) Службената легитимација се издава на македонски јазик и неговото кирилично писмо, а доколку лицето на кое му се издава службената легитимација зборува јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, истата му се издава на македонски јазик и неговото кирилично писмо и на јазикот кој го зборува и неговото писмо

(4) При обнова на легитимацијата, даночниот службеник е должен да ја врати старата легитимација на издавачот и да задолжи нова легитимација.

(5) Во случај на откажување на договорот за вработување, односно суспензија, даночниот службеник е должен да ја врати легитимацијата на издавачот.

(6) Доколку во случај на суспендирање биде донесено решение за враќање на работа, даночниот службеник повторно се задолжува со легитимацијата.

(7) Министерот за финансии, на предлог на директорот, ги пропишува формата, содржината, начинот на издавање и на одземање на службената легитимација на даночните инспектори, даночните контролори и даночни извршители.

## 3. Права на даночните службеници

### Член 22

Даночниот службеник ги има следниве права:

- на загарантирана работа на која е склучен договор за работа во согласност со овој закон,
- да е заштитен од страна на надлежни органи во извршувањето на своите должности,
- на работни услови соодветни за извршување на службените должности,
- да се пријави за слободно работно место од повисок ранг,
- при остварувањето на своите работни права да бара заштита од надлежен суд, синдикат или друг надлежен орган во согласност со закон,
- на плата и надоместоци,
- на одмор, отсуства и слободни денови,
- на стручно оспособување и обука во согласност со потребите на Управата за јавни приходи и
- да основа и да биде член на синдикат и стручни организации во согласност со закон.

Член 23

(1) Даночен службеник на Управата за јавни приходи може да преземе мерки со ставање пломба или други даночни обележја.
(2) Пломбите и другите даночни обележја може да бидат отстранети, сменети или уништени само од страна на даночните службеници на Управата за јавни приходи.
(3) Формата и содржината на пломба и на други даночни обележја ги определува директорот со посебен акт.

Член 24

Како доказ во прекршочната и/или кривичната постапка може да се користат записници со факти утврдени во согласност со законот кој ги уредува даночните постапки и со друг закон за чие спроведување е надлежна Управата за јавни приходи.

Член 25

Управата за јавни приходи може да побара од Министерството за внатрешни работи помош во спроведувањето на одредбите на овој закон или други закони за чие спроведување е надлежна Управата за јавни приходи.

4. Должности на даночните службеници

Член 26

Даночниот службеник е должен:
- работните задачи да ги врши совесно, стручно, ефикасно, уредно и навремено, во согласност со Уставот, закон и други акти на Управата за јавни приходи,
- да ја врши својата работа непристрастно и без влијание од страна на политичките партии, да не се раководи од свои политички уверувања, од лични финансиски интереси, да не ги злоупотребува овластувањата и статусот на вработен и да го штити угледот на Управата за јавни приходи,
- да ги извршува наредбите од непосредно претпоставениот раководител и да постапува по нив во согласност со Уставот, закон и друг акт,
- во согласност со закон и прописите на Управата за јавни приходи, по барање на даночните обврзници, да дава информации заради остварување на нивните права и обврски, освен информации кои претставуваат даночна тајна,
- не смее да користи привилегии, ниту да бара и да прима материјална или друга корист при исполнување на своите обврски,
- стручно да го усовршува своето знаење заради унапредување на професионалните барања со постојано почитување и применување на прописите за вршење на своите службени должности,
- да го почитува пропишаното работно време,
- опремата што му е дадена на користење за извршување на неговите должности да ја употребува правилно и како добар домаќин во согласност со нејзината намена и истата да не ја користи во приватни цели и
- да се однесува во согласност со Кодексот на однесување на Управата за јавни приходи и пропишаните правила за ред и дисциплина на Управата за јавни приходи.
-

5. Примена на прописи за даночните службеници и другите вработени

Член 27

(1) Прашањата во врска со работниот однос на даночните службеници се уредуваат со овој закон, а за сите прашања кои не се уредени со овој закон се применуваат одредбите од законот кој го уредува статусот на административните службеници, како и општите прописи за работни односи.
(2) Се брише

(3) За вработените во Управата за јавни приходи кои вршат технички и помошни работи, во однос на правата, обврските и одговорностите од работен однос, ќе се применува законот кој го уредува статусот на вработените во јавниот сектор како и општите прописи за работни односи.

## 6. Класификација на работните места на даночните службеници

### Член 28

Работните места на даночни службеници се класифицираат во три категории, и тоа:
- категорија Б - раководни даночни службеници,
- категорија В - стручни даночни службеници и
- категорија Г - помошно-стручни даночни службеници.

### Член 29

(1) Во рамките на категоријата Б се утврдуваат следниве нивоа на работни места и звања на даночните службеници:

- ниво Б1, помошник на директорот,

- ниво Б2, главен генерален инспектор, раководител на сектор, управник, главен инспектор за професионални стандарди, главен внатрешен ревизор,

- ниво Б3, заменик - главен генерален инспектор, заменик - управник, заменик -раководител на сектор, заменик - главен инспектор за професионални стандарди, заменик - главен внатрешен ревизор и

- ниво Б4, помошник - главен генерален инспектор, началник на даночен инспекторат, раководител на оддел, раководител на одделение, координатор; раководител на центар, шеф на служба.

(2) Раководниот даночен службеник од категоријата Б треба да ги исполни следниве посебни услови за работното место:

1.) Стручни квалификации и тоа:

- за нивоата Б1 и Б2 ниво на квалификации VI А, според македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен и

- за нивоата Б3 и Б4 ниво на квалификации VI А, според македонската рамка на

квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен и

2.) Работно искуство и тоа:

- за нивото Б1 најмалку осум години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на работно место во јавен сектор, односно најмалку 12 години работно искуство во струката, од кои најмалку четири години на раководно работно место во приватен сектор,

- за нивото Б2 најмалку седум години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката, од кои најмалку четири години на работно место во приватен сектор,

- за нивото Б3 најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на работно место во приватен сектор и

- за нивото Б4 најмалку пет години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на работно место во приватен сектор;

3.) Општи работни компетенции за сите нивоа категорија Б од Рамката на општи работни компетенции и

4.) Посебни работни компетенции за сите нивоа – активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски), активно познавање компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место.

Член 30

(1) Во рамките на категоријата В се утврдуваат следниве нивоа на работни места и звања на даночните службеници:
- ниво В1 самостоен внатрешен ревизор, главен регионален инспектор/координатор, главен инспектор, главен самостоен даночен извршител, самостоен даночен извршител, советник за односи со јавноста, советник за екстерна/интерна комуникација и информирање, самостоен даночен советник, самостоен ИТ специјалист, самостоен аналитичар,
- ниво В2 виш внатрешен ревизор, виш инспектор за професионални стандарди, виш инспектор, виш даночен извршител, даночен советник, виш ИТ специјалист, виш аналитичар,
- ниво В3 внатрешен ревизор, инспектор за професионални стандарди, инспектор, даночен извршител, асистент на директорот, асистент на помошник директорот, асистент на заменик директорот, асистент, ИТ специјалист, аналитичар и
- ниво В4 лектор, преведувач, ВЕБ администратор, помлад аналитичар, помлад ИТ специјалист, помлад инспектор, помлад даночен извршител, помлад асистент, помлад асистент за професионални стандарди, помлад асистент за внатрешна ревизија, помлад асистент за протоколарни работи.

(2) Стручниот даночен службеник од категоријата В треба да ги исполни следниве посебни услови за работното место:

1. стручни квалификации, и тоа:
- за нивото В1 ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
- за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

2. работно искуство, и тоа:
- за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
- за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,
- за нивото В3 најмалку една години работно искуство во струката или
- за нивото В4 со или без работно искуство во струката;

3. општи работни компетенции за сите нивоа - категорија В согласно со Рамката на општи работни компетенции и

4. Посебни работни компетенции: за сите нивоа - активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски), активно познавање компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место.

Член 31

(1) Во рамките на категоријата Г се утврдуваат следниве нивоа на работни места и звања на даночните службеници:
- ниво Г1 помошен даночен контролор, помошен даночен извршител, помошен даночен оператор, помошен даночен агент, асистент на управник, помошен даночен референт, технички секретар,
- ниво Г2 виш даночен контролор, виш даночен оператор, виш даночен агент, виш помошен извршител, виш даночен референт,
- ниво Г3 даночен контролор, даночен извршител, даночен референт, даночен оператор, даночен агент и
- ниво Г4 помлад даночен контролор, помлад даночен референт, помлад даночен оператор, помлад даночен агент;

(2) Помошно - стручниот даночен службеник од категоријата Г треба да ги исполни следниве посебни услови за работното место:

1. стручни квалификации: за сите нивоа - стручни квалификации за сите нивоа – ниво на квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку више или средно образование;
2. работно искуство, и тоа:
- за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката,
- за нивото Г2 најмалку две години работно искуство во струката,
- за нивото Г3 најмалку една година работно искуство во струката или
- за нивото Г4 со или без работно искуство во струката;
3. општи работни компетенции: за сите нивоа - категорија Г согласно со Рамката на општи работни компетенции и

4. Посебни работни компетенции: - за сите нивоа - активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски), активно познавање компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место.

7. Вработување

Член 32

(1) Постапката за вработување на даночни службеници се врши согласно со законот кој го уредува статусот на административните службеници.
(2) Покрај општите услови за пополнување на работно место согласно со законот кој го уредува статусот на административните службеници, кандидатот треба да ги исполни посебните услови за соодветното ниво на работно место, согласно класификацијата на работни места на даночните службеници.
(3) Кандидатот за даночен службеник полага испит за даночен службеник во Агенцијата за администрација (во натамошниот текст: Агенцијата).
(4) Базата на прашања за стручниот дел ја формира Управата за јавни приходи во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација и Агенцијата, при што најмалку еднаш годишно, истата се ревидира, а ги покрива следниве области:
- уставниот поредок на Република Северна Македонија;
- даночен систем;
- системот на управно право, управна постапка и управен спор;
- положбата и други општи прашања за вработените во јавниот сектор;
- правата од работен однос на даночните службеници;
- Кодексот на однесување на Управата за јавни приходи.
(5) Базата на прашања од ставот (4) на овој член е јавно достапна на веб страницата на Управата за јавни приходи и содржи најмалку 500 прашања за кои се посочени прописите од кои произлегуваат прашањата и истата се зголемува за најмалку 10% годишно.

8. Распоредување, унапредување, работно време, одмор и отсуства

Член 33

(1) Во интерес на Управата за јавни приходи службеникот може времено или трајно да биде распореден на друго работно место за кое ги исполнува посебните услови.
(2) Времено распоредување може да трае до шест месеца, со можност за продолжување од дополнителни шест месеца, по што се враќа на поранешното или друго соодветно работно место.
(3) Службеникот кој бил распореден има право на:
- надоместок за превозни трошоци, доколку секој ден патува до друго место,
- надоместок за трошоци за одвоен живот, доколку службеникот привремено престојува во местото на работење и
- надоместок за трошоците за селење.
(4) Службеникот кој е распореден по сопствено барање нема право на надоместоците од ставот (3) на овој член.

Член 34

(1) Унапредувањата на даночните службеници можат да бидат постојани или времени.
(2) Службеникот може со одлука на директорот да биде унапреден на повисоко слободно работно место во рамките на Управата за јавни приходи, за што ќе биде објавен интерен конкурс. Во конкурсот ќе се објават конкретните барања и посебните услови за ова работно место.

(3) Временото унапредување е времено поставување на даночниот службеник на повисоко рангирана позиција на одреден период. Даночниот службеник се враќа на своето постојано работно место или друго соодветно работно место по истекот на определениот период. Даночниот службеник може да биде времено унапреден на работно место кое одговара на неговото професионално искуство, знаење и квалификации и доколку ги исполнува условите утврдени во актот за систематизација на работни места во Управата за јавни приходи и овој закон.
(4) По исклучок од ставот (3) од овој член, даночниот службеник може да биде времено унапреден најмногу еднаш во период од четири години, за периодот на времено унапредување до три месеци, без да ги исполнува условите за познавање на странски јазик и активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Член 35

(1) Поради потребите на службата, а по наредба на непосредниот раководител, службениците можат да работат во смени и прекувремено.
(2) Службеникот има право на годишен одмор и други отсуства во согласност со закон и според потребите на Управата за јавни приходи.

Член 36

(1) Даночниот службеник може да биде упатен на работа, односно обука, во меѓународна организација каде што членува Управата за јавни приходи.
(2) Меѓусебните права и обврски на Управата за јавни приходи и даночниот службеник што е упатен на работа, односно обука во меѓународна организација за потребите на институцијата се уредуваат со писмен договор, во кој се утврдува точниот датум до кој даночниот службеник не може да побара престанок на работниот однос, како и неговата материјална одговорност сразмерна на средствата потрошени за реализација на обуката или на привремената работа во меѓународната организација, доколку по негова вина или на негово барање му престане работниот однос пред утврдениот датум.

9. Оценување на работата

Член 37

(1) Службениците во текот на своето работење ќе бидат оценувани еднаш годишно, најдоцна до првото тримесечје од следната година за годината којашто изминала. Од извршеното оценување на работата ќе се подготви извештај и ќе се потпише од двете страни. Извештајот за оценување на работата се архивира и се чува во персоналното досие на службеникот.
(2) Службениците кои оправдано отсуствувале од работа подолго од шест месеца во текот на годината (боледување, неплатено отсуство итн.) нема да бидат оценувани.
(3) Оценувањето на службениците ќе се прави врз основа на податоци кои се однесуваат на стручното знаење и способности во работењето, залагањето, постигнатите резултати, креативноста и совесноста при извршувањето на службените должности кои се од голема важност за извршувањето на основните надлежности на Управата за јавни приходи.
(4) Резултатите од оценувањето ќе служат како основа за донесување одлуки за распоредување, унапредување или дисциплинска одговорност на службеникот.
(5) Оценувањето на работата на службеникот може да се врши и во текот на годината пред давањето на годишна оцена, во случаите на прераспределување, унапредување и дисциплинска одговорност.
(6) Службениците кои нема да постигнат задоволителни резултати во работењето, што е рефлектирано и во нивниот извештај за оценување на работењето, ќе имаат право на натамошна обука, како и на поддршка од страна на нивните претпоставени, со цел за своето работење да го доведат на задоволително ниво. Ако не успеат да го постигнат тоа во одредениот рок, ќе се преземат дејствија за нивно отпуштање.
(7) Начинот на спроведување на оценувањето се утврдува со акт донесен од директорот на Управата за јавни приходи.

Член 38

(1) Даночните службеници кои нема да покажат задоволителни резултати во работењето и кои нема своето работење да го доведат на задоволително ниво ќе бидат подложни на преиспитување на нивните знаења за вршење на работните задачи.
(2) Преиспитување на знаењата на даночните службеници ќе се врши во второто тримесечје од тековната година, а ќе ги опфати даночните службеници за кои непосредните раководители во извештајот за оценување од претходната година ќе наведат дека е потребно да се врши проверка на знаењата.
(3) Преиспитување на знаењата ќе се врши од комисија од три члена од кои еден е претседател, формирана од страна на директорот.
(4) Членовите на комисијата треба да ги исполнуваат следниве услови:
- во претходните три години да не биле дисциплински одговорни,
- во претходни три години да се оценети со оцена „се истакнува“ или “задоволува“ и
- во претходното работење да извршувале работни задачи од работните места на раководни и стручни даночни службеници.
(5) Начинот на спроведување на проверката на знаењата и работата на комисија се утврдува со акт донесен од директорот на Управата за јавни приходи.

10. Следење на напредувањето во кариерата

Член 39

(1) Документацијата за напредувањето во кариерата во Управата за јавни приходи (донесените одлуки и писмените изјави дадени во однос на службеникот) се внесуваат во евиденциите за кариерата на службениците и се чуваат во Управата за јавни приходи.
(2) Во евиденциите од ставот (1) на овој член се вклучени сите релевантни професионални и лични податоци за сите службеници. Податоците можат да се водат во електронска форма со строго придржување кон одредбите кои ја уредуваат заштитата на личните податоци.
(3) Службеникот има право на пристап до евиденцијата за својата кариера, како и право да добие копија од документите.
(4) Содржината на евиденцијата за напредувањето во кариерата, како и одржувањето и пристапноста на податоците се утврдува со оперативна инструкција на директорот.

11. Месечна плата, надоместоци и награди

Член 40

(1) Даночните службеници имаат право на плата, надоместоци на плата и додатоци на плата. Платата на даночните службеници, надоместоците на плата и додатоците на плата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.
(2) Начинот на утврдување на основната плата, надоместоците на плата и на додатоците на плата на даночните службеници се уредува со колективен договор, а вредноста на бодот на основната плата се утврдува, секоја година, од страна на директорот на Управата за јавни приходи, по претходна согласност на министерот за финансии во рок од десет дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија, а во рамките на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на вработените, распоредени по соодветните нивоа за тековната година.
(3) Даночните службеници можат да добиваат до 30%, од основната плата како додаток на редовната плата во текот на месецот за посебната одговорност, која произлегува од работното место кое е од особено значење за ефикасноста на Управата за јавни приходи.
(4) Министерот за финансии, на предлог на директорот на Управата за јавни приходи, заради приспособување кон условите на пазарот на трудот, може да определи додаток на основната плата со поголем процент од процентот утврден во ставот (3) на овој член за специфични работни места за кои се потребни специфични квалификации или специфични вештини, но најмногу до 60% од платата.
(5) Специфичните работни места од ставот (4) на овој член, на предлог на министерот за финансии, ги определува Владата на Република Северна Македонија.
(6) Предлогот од ставот (5) на овој член, мора да биде заснован на анализа, која покажува дека:
- платите на пазарот на трудот за таквите работни места се значително повисоки од платите на даночните службеници што извршуваат исти работи и
- вработувањето е отежнато, стапката на напуштање на работните места е неприфатливо висока или пазарот на трудот нуди ограничен број квалификувна работна сила за таквата работа.

(7) Вработените може да добијат парични награди најмногу до една просечна месечна бруто-плата исплатена по работник во Република Северна Македонија, која е објавена во јануари во тековната година, според податоците од Државниот завод за статистика за постигнати исклучителни резултати во работењето од областа на оданочувањето.
(8) Начинот на наградување на вработените поблиску го пропишува министерот за финансии, а на предлог на директорот на Управата за јавни приходи во согласност со закон и со колективен договор.

12. Награди и признанија

Член 41

За долгогодишна стручна работа, организациски унапредувања, успех во поединечни подрачја на работа во вршењето на работните задачи, подобрување на угледот на службата на вработените во Управата за јавни приходи им се доделуваат признанија и парични награди.

13. Кодекс на однесување

Член 42

(1) Вработените треба постојано да ги почитуваат највисоките стандарди на сопствениот интегритет и интегритетот на Управата за јавни приходи во извршувањето на сите активности утврдени со кодекс на однесување.
(2) Кодексот на однесување го донесува директорот.
(3) Кодексот на однесување ги опишува стандардите на однесување кои треба да се почитуваат од сите вработени и дава насоки и упатства за решавање на етичките прашања за оние кои работат во Управата за јавни приходи.
(4) Случаите на однесување спротивно на Кодексот на однесување може да бидат предмет на дисциплински мерки, вклучувајќи ја и мерката за престанок на работен однос со отказ за потешките повреди на однесување.

14. Дисциплинска одговорност

Член 43

(1) Даночниот службеник е лично одговорен за вршењето на работите и работните задачи од работното место.
(2) За повреда на службената должност даночниот службеник одговара дисциплински.
(3) Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на даночниот службеник.

Член 44

На даночниот службеник може да му се откаже договорот за вработување поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на обврските утврдени со закон, колективен договор, правилата и прописите на Управата за јавни приходи, актот за систематизација на работните места во Управата за јавни приходи и договорот за вработување, доколку:
- не го почитува работниот реди дисциплина според правилата пропишани од страна на Управата,
- не ги извршува или несовесно и ненавремено ги извршува работните обврски,
- не се придржува кон прописите кои важат за вршење на работите на работното место,
- не се придржува на утврденото работно време, распоредот и користењето на работното време,
- не побара отсуство или ненавремено писмено него извести директорот, односно раководителот на организационата единица или друг одговорен работник за отсуството од работа,
- поради болест или оправдани причини отсуствува од работа, а за тоа во рок од 48 часа писмено не го извести директорот, односно раководителот на организационата единица или друг одговорен работник,
- со средствата за работа не постапува совесно или во согласност со техничките упатства за работа,
- настане штета, грешка во работењето или загуба, а за тоа веднаш не го извести директорот,
- не ги одржува средствата и опремата за заштита при работа согласно со прописите за заштита при работа,
- предизвикува неред и насилнички се однесува за време на работата,
- не дава податоци или дава неточни податоци што според прописите им се даваат на овластени органи или граѓани,
- незаконски или неовластено ги користи средствата на Управата за јавни приходи,
- избегнува обука,
- неисполнување на општите должности од членот 26 од овој закон,
- постапување спротивно на прописите на Управата за јавни приходи,
- неоправдано изостане од работа три последователни работни дена или пет работни дена во текот на една година,
- го злоупотреби боледувањето,

- не се придржува кон прописите за здравствена заштита, заштита при работа, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и ги повредува прописите за заштита на животната средина,
- внесува, употребува или е под дејство на алкохол и наркотични средства,
- стори кражба или во врска со работата намерно или од крајно невнимание ќе предизвика штета на Управата за јавни приходи,
- одаде класифицирана информација,
- го пречекори или злоупотреби овластувањето и
- постапува спротивно на Кодексот на однесување.

Член 45

Во случај на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со овој закон, на даночниот службеник може со решение да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:
- писмена опомена,
- парична казна која не може да биде поголема од 15% од последната исплатена месечна нето-плата на работникот, во траење од еден до шест месеца,
- распоредување на работно место на непосредно пониско ниво и
- откажување на договорот за вработување.

Член 46

Во зависност од степенот на одговорноста на даночниот службеник, условите под кои е направена повредата на работните обврски и на работниот ред идисциплина, поранешната работа и однесување на даночниот службеник, тежината на повредата и нејзините последици, директорот може на даночниот службеник наместо откажување на договорот за вработување да му изрече парична казна, која не може да биде поголема од 15% од последната исплатена месечна нето плата на даночниот службеник, во траење од еден до шест месеци.

Член 47

Во случај кога е сторено кршење на работниот ред и дисциплина под особено олеснителни околности, а во зависност од одговорноста на даночниот службеник, условите под кои е направена повредата на работните обврски и на работниот ред и дисциплина, како и поранешната работа и однесување на даночниот службеник, директорот може на даночниот службеник наместо откажување на договорот за вработување или изрекување на парична казна, да му изрече писмена опомена.

Член 48

Ако на даночниот службеник поради сторено кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски му е изречена дисциплинска мерка откажување на договорот за вработување по членот 45 од овој закон, има право на отказен рок во траење од еден месец од денот на врачувањето на решението за откажување на договорот за вработување, освен во случаите од членот 44 алинеи 16, 17, 18, 19, 20 и 21 од овој закон, кога на вработениот му се откажува договорот за вработување без отказен рок.

Член 49

За време на отказниот рок непосредниот раководител е должен на даночниот службеник да му овозможи отсуство од работа заради барање ново вработување, четири часа во текот на работната недела.

Член 50

За време на отказниот рок и отсуство од работа заради барање на ново вработување на даночниот службеник му се утврдува и исплатува надоместок во висина на платата што даночниот службеник ја остварил во месецот пред донесување на решението за откажување на договорот за вработување.

Член 51

(1) Решението за изрекување дисциплинска мерка го донесува директорот.
(2) Решението за изрекување на дисциплинската мерка содржи и образложение за основот и причините за изрекување на дисциплинската мерка.

Член 52

(1) Решението за дисциплинска мерка се врачува лично на даночниот службеник, по правило во работните простории на организационата единица во која работи, односно на адресата на живеалиштето, односно престојувалиштето одкое даночниот службеник секојдневно доаѓа на работа.
(2) Ако даночниот службеник не може да се пронајде на адресата на живеалиштето, односно престојувалиштето или ако го одбие врачувањето, решението се објавува на огласна табла во организационата единица каде што работи. По изминувањето на осум работни дена од објавувањето на огласната табла се смета дека врачувањето е извршено.
(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член соодветно се применуваат и за сите списи, коишто се доставуваат до даночниот службеник во текот на целата дисциплинска постапка.

Член 53

(1) Решението за изрекување на дисциплинска мерка на даночниот службеник, директорот е надлежен да го донесе во рок од шест месеци од денот на пријавувањето на повредата на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, а најдоцна во рок од една година од денот кога е сторена повредата.
(2) Како ден на пријавување се смета денот на поднесување на предлогот за покренување постапка за утврдување на дисциплинска одговорност од овластен подносител.
(3) Кога за сторената дисциплинска повреда е покрената и кривична постапка за даночниот службеник, решението за дисциплинска мерка директорот го донесува најдоцна до истекот на рокот за застареност утврден во законот за стореното кривично дело.

Член 54

(1) Против решението за изрекување на дисциплинска мерка, даночниот службеник има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението. Жалбата го одлага извршувањето до донесување на конечна одлука по жалбата или до истекот на рокот за одлучување по жалбата. Жалбата се поднесува преку Управата за јавни приходи до Агенцијата за администрација.
(2) Управата за јавни приходи е должна жалбата, со придружните списи да го достави до Агенцијата за администрација најдоцна во рок од седум дена од денот на приемот.

Член 55

(1) За водење на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на даночниот службеник во случаите утврдени со овој закон, директорот формира комисија за утврдување на дисциплинска одговорност.
(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од 3 члена и нивни заменици.
(3) Комисијата од ставот (1) на овој член, постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на даночниот службеник ја води согласно со Колективниот договор на Управата за јавни приходи.

Член 56

(1) Задршката од плата, на име изречени парични казни на даночниот службеник, во текот на еден месец не може да надмине една третина од износот на неговата вкупна нето- плата за тој месец.
(2) Ако на вработениот даночниот службеник му престане работниот однос во Управата за јавни приходи во која му била изречена парична казна, наплатата на изречената парична казна, по барање на Управата за јавни приходи во којашто казната е изречена, ќе ја спроведе новиот работодавач или надлежен орган во постапка утврдена со закон.

Член 57

(1) Суспендирањето е привремено отстранување од работа на даночниот службеник поради причини кои се предвидени со овој член и трае се додека трае и причината за отстранувањето. По истекот на тој период, даночниот службеник продолжува со работа на своето работно место во Управата за јавни приходи, освен во случај ако му е изречен престанок на работен однос со отказ заради губење на работната способност.
(2) Даночниот службеник може да биде суспендиран доколку постои основана причина за сомневање дека го злоупотребил своето работно место во Управата за јавни приходи и суспензијата ќе трае до завршувањето на дисциплинската постапка.
(3) Даночниот службеник ќе биде суспендиран доколку му е одреден притвор од првиот ден на притворот и се додека трае притворот. Доколку кривичната постапка која е покрената против него не е завршена, суспензијата трае до завршувањето накривичната постапка и/или дисциплинската постапка, доколку е покрената за истото дело.
(4) За времетраење на суспензијата на даночниот службеник му следува надоместок од 50% од основната плата. Во случај на враќање на работа на даночниот службеник му следува надоместок до 100% од основната плата.

(5) Решение за суспендирање или враќање на работа на даночниот службеник носи директорот во писмена форма.
(6) Против решението од ставот (5) на овој член даночниот службеник има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку Управата за јавни приходи до Агенцијата за администрација.
(7) Управата за јавни приходи е должна жалбата со пропратните списи да го достави до Агенцијата за администрација, најдоцна во рок од седум дена од денот на приемот на жалбата. Жалбата не го задржува извршувањето на решението.

15. Материјална одговорност

Член 58

(1) Даночниот службеник, кој на работа или во врска со работата, намерно или од крајно небрежност ќе предизвика штета на институцијата, одговорен е за настанатата штета и е должен да ја надомести.
(2) Директорот со решение формира комисија за утврдување на материјална одговорност на даночниот службеник.
(3) Комисијата од ставот (2) на овој член е составена од три члена и нивни заменици.
(4) Претседател на комисијата е раководен даночен службеник, а членови се двајца даночни службеници на исто ниво како даночниот службеник против кого се води постапка за утврдување на материјална одговорност.
(5) Комисијата од ставот (2) на овој член ја утврдува материјалната одговорност за постоење на сторена материјална штета, нејзината висина и начинот на сторување, кој ја предизвикал штетата и кој ќе ја надомести.
(6) Комисијата од ставот (2) на овој член за утврдената фактичка состојба поднесува извештај, врз основа на кој директорот, донесува одлука за надомест на штета.
(7) Против одлуката од ставот (6) на овој член даночниот службени има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.
(8) Управата за јавни приходи е одговорна за штета која врз имотот на трети лица ја предизвикал даночниот службеник за времето на вршење на службената должност освен ако се докаже дека даночниот службеник постапил во согласност со закон и друг пропис.

16. Забрани

Член 59

(1) Даночните службеници не смеат да вршат никаква друга функција, должност или дејност поврзана со остварување на профит која е во судир со нивната службена должност.
(2) Даночните службеници не смеат да вршат дејност која е во судир со нивната службена должност како сопственици или партнери во трговски друштва, членови на управни одбори или на надзорни органи на трговски друштва.
(3) Даночните службеници можат да вршат други работи и дејности само со претходно одобрение од директорот.
(4) Работите и дејностите кои се во судир со службените должности на даночните службеници ги пропишува директорот со оперативна инструкција.
(5) Даночните службеници кои се однесуваат спротивно на одредбите на овој член одговараат дисциплински.

Член 60

(1) Даночниот службеник не смее во неовластени цели да користи и да даде која било информација, која ја осознал во даночната постапка.
(2) Обврската на даночниот службеник за чување на даночна или службена тајна утврдена со овој закон и посебни прописи, важи и по престанокот на работниот однос во Управата за јавни приходи, сé до престанокот на периодот за ограничување.
(3) Даночниот службеник за непридржување кон обврските пропишани со одредбите на овој член е дисциплински одговорен, како и прекршочно или кривично одговорен во согласност со закон.
(4) Постапката за прекршочната или кривичната одговорност од ставот (3) на овој член може да биде покренета и против лица на кој им престанал работниот однос во Управата за јавни приходи во согласност со закон.

17. Престанок на работен однос

Член 61

Директорот го прекинува договорот за вработување на даночниот службеник кога истиот ќе ги исполни условите за пензија.

Член 62

Договорот за вработување престанува да важи ако под условите и на начин пропишани со закон е утврдено дека кај даночниот службеник дошло до губење на работната способност, со денот на доставувањето на правосилно решение за утврдување на изгубената работна способност.

Член 63

Договор за вработување во Управата за јавни приходи може да се откаже заради утврдена дисциплинска одговорност на даночниот службеник, со денот конечноста на решението или со истекот на рокот за одлучување по жалба против решението.

Член 64

На даночниот службеник ќе му се откаже договорот за вработување:
- ако даночниот службеник писмено изјави дека го откажува договорот за вработување,
- ако се утврди дека при вработувањето премолчил или дал невистинити податоци во однос општите и посебните услови за вработување со денот на конечноста на решението или со истекот на рокот за одлучување по жалба против решението,
- ако биде оценет со оцена “не задоволува“ два пати последователно или во последните пет години најмалку трипати,
- поради деловни причини и
- во други случаи утврдени со закон.

Член 65

На даночниот службеник му се откажува договорот за вработување во Управата за јавни приходи кога со правосилна судска одлука му е забрането да врши определени работи од работниот однос, му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност поради која не може да врши работи подолго од шест месеци со денот на примената на забраната или кога со правосилна пресуда му е изречена затворска казна повеќе од шест месеци со денот на започнувањето на издржувањето на затворската казна.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 66

Директорот и заменик директорот на Управата за јавни приходи именувани до денот на започнувањето на примената на членот 10 од овој закон продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кој се именувани.

Член 67

(1) Даночниот службеник кој засновал работен однос во Управата за јавни приходи заклучно со денот на започнувањето со примената на овој закон, треба до директорот на Управата за јавни приходи, да достави докази за познавање на странски јазици и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење, соодветни на нивото на неговото работно место на кое бил распореден на денот на започнувањето со примената на овој закон, во рок од една година од денот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската унија.

(2) Даночниот службеник кој нема да достави докази за познавање на странски јазици и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење согласно со ставот (1) на овој член, со решение на директорот на Управата за јавни приходи ќе биде распореден на работно место за едно ниво пониско од работното место на кое бил во моментот на влегувањето во сила на овој закон, освен даночните службеници кои на денот на започнувањето со примената на овој закон биле распоредени на работно место од влезно ниво, на кои ќе им биде намалена платата во износ од 10%.

(3) Даночниот службеник на кој согласно со ставот (2) на овој член платата му била намалена во износ од 10% може во секој момент да достави докази за познавање на странски јазици и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење до директорот на Управата за јавни приходи кој носи решение, со кое решението за намалувањето на платата престанува да важи.

(4) Ставовите (1) и (2) на овој член не важат за даночните службеници кои ќе остварат право на пензија во рок од десет години од денот на започнувањето со примената на овој закон.

(5) Државниот управен инспекторат, во рок од три месеци по истекот на рокот од став (1) на овој член, ќе изврши надзор над спроведување на ставовите (1) и (2) од овој член.

Член 68

Постапките за даночните службеници кои се однесуваат на вработување, дисциплинските постапки и постапките за оценување, започнати до денот на започнувањето на примената на овој закон, односно жалбите и приговорите поднесени до Комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен до денот на започнувањето на примената на овој закон, ќе се завршат според Законот за Управата за јавни приходи (“Службен весник на Република Македонија“ број 81/2005, 81/2008, 105/2009, 145/10 и 39/12).

Член 69

Одредбите на членот 10 од овој закон ќе започнат да се применуваат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 70

Со денот на започнувањето со примената на овој закон престанува да важи Законот за Управата за јавни приходи (“Службен весник на Република Македонија“ број 81/2005, 81/2008, 105/2009, 145/10 и 39/12).

Член 71

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува со денот на затпочнувањето со примената на Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14) и Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14).

**ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ**

**Службен весник на РМ, бр. 61 од 17.04.2015 година**

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ**

**Службен весник на РМ, бр. 27 од 15.02.2016 година**

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ**

**Службен весник на РМ, бр. 35 од 23.02.2018 година**

Член 2

Одредбата од членот 1 од овој закон ќе отпочне да се применува по три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ

**Службен весник на РМ, бр. 83 од 08.05.2018 година**

Член 2

Одредбите од членот 10 став (4) точка 5) од Законот за Управата за јавни приходи („Службен весник на Република Македонија“ број 43/14, 61/15 и 27/16) и одредбите од членот 1 од овој закон со кој членот 10 став (4) точка 5) се дополнува со нова алинеја 6, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

Член 3

Директорот на Управата кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.
На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во ставот (1) на овој член му престанува мандатот.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ

**Службен весник на РМ, бр. 7 од 14.01.2019 година**

Член 3

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од осум дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

(1) Податоците од членот 17 став (3) од овој закон кои се однесуваат на 2018 година ќе се доставаат до Управата за јавни приходи најдоцна до 28 февруари 2019 година.
(2) Податоците од членот 17 став (3) од овој закон кои се однесуваат за месеците јануари, февруари и март 2019 година, ќе се доставаат до Управата за јавни приходи најдоцна до 30 април 2019 година.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ а ќе започне да се применува од 1 јануари 2019 година.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ

**Службен весник на РСМ, бр. 87 од 25.04.2023 година**

Член 24

Постојните службени легитимации издадени до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе важат сè до истекот на рокот за кој се издадени.

Член 25

(1) Управата за јавни приходи во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон склучува посебни договори за соработка и размена на податоци со надлежните органи и институции од членот 7 од овој закон, со кој се менува членот 17.
(2) Надлежните органи и институции од ставот (1) на овој член се должи еднократно до Управата за јавни приходи за почетната база на податоци да ги достават податоците од членот 7 од овој закон со кој се менува членот 17 ставови (2), (3), (4), (5) и (6), во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(3) По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, податоците од регистрите што ги води Централниот регистар на Република Северна Македонија од членот 7 од овој закон со кој се менува членот 17 став (5), кои се однесуваат на платежни сметки, ќе се доставуваат согласно со Законот за платежни услуги и платни системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 90/22).
(4) До денот на започнувањето на размената на податоците од ставот (3) на овој член, кои ги води Клириншката куќа, а кои се однесуваат на платежните сметки, ќе се обезбедуваат од Клириншката куќа според даночен идентификациски број (ЕДБ или ЕМБГ) преку постојните канали на сигурна електронска размена на податоци и преку постојниот интерфејс за ЕРТС (единствениот регистар на трансакциски сметки), воспоставен меѓу Управата за јавни приходи и Клириншката куќа, или по барање на Управата за јавни приходи, без надоместок.

Член 26

Актот за начинот на формирање, видот, структурата и обемот/ делокругот на работа на организациските единици од членот 4 на овој закон, со кој се менува членот 6, директорот на Управата за јавни приходи ќе го донесе најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 27

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 28

Одредбата од членот 2 од овој закон, со кој се додава нов член 4-а, ќе започне да се применува од 1 јануари 2025 година. Одредбите од членот 6, со кој во членот 16 се додаваат два нови става (4) и (5) и одредбите од членот 7 од овој закон со кој се менува членот 17 ставови (13) и (14), ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2024 година.

Член 29

Одредбите од членот 6 од овој закон, со кој во членот 16 се додаваат два нови става (4) и (5) и одредбите од членот 7 од овој закон, со кој се менува членот 17 ставови (13) и (14) престануваат да важат со пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Член 30

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“